**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДРУШТВОТО НА МАТЕМАТИЧАРИТЕ И ФИЗИЧАРИТЕ ОД НР МАКЕДОНИЈА ОД 13.VII.1958 до 20.I.1960 год.**

Новоизбраниот Управен одбор на ДМФ од НРМ на својот прв состанок, врз основа на дискусијата од годишното собрание, ги постави пред себе следните задачи:

1. Зајакнување врската помеѓу Управниот одбор и членството и активизирање на членовите во нивното стручно усовршување.

2. Поширока соработка со заводот за унапредување на школството и со Советот за просвета на НРМ во врска со решавањето на сите наставни прашања по математика и физика.

3. Превземање мерки стручните активи по математика и по физика во школите да работат поактивно.

4. Проширување издавачката дејност на Друштвото.

5. Да се превземат сите нужни мерки за помасовно и поактивно учество на III конгрес на математичарите и физичарите, кој требаше да се одржи во м. септември 1959 год.

За да се извршат овие задачи при Управата беа формирани неколку комисии.

Воглавно работата на Друштвото се одвиваше во рамките на горе-споменатите задачи.

Во врска со првата задача — зајакнувањето врската помеѓу челнството и Управниот одбор како и активизирањето на членовите во нивното стручно усовршување Управниот одбор наиде на многу тешкотии. Така например, планираните секции на Друштвото. за кои веќе неколку години многу се зборува, неможеја да заживејат, а Скопската секција која во предодната година уште нешто работеше во оваа покажа многу слаба активност. Од добиените извештаи за работата на секциите од Титов Велес и Куманово може да се види дека и покрај големите тешкотии тие постигнале извесни резултати. Исто така не беа одржани никакви стручни предавања и тоа поради недостиг на предавачи; па дури и кога Управата им упати едно писмо на сите членови на Друштвото своите домашни работи од стручниот испит да ги преработат така за да можат да се одржат како предавања на некој семинар, не се пријави ни еден член на Друштвото.

За да се зајакне врската помеѓу членовите и Управатаи да се добие барем некаква евиденција за членството на Друштвото, Управата реши на секој член кој ќе плати членарина од 240 дин. да му се дадат бесплатно сите броеви од едно годиште на списанието „Настава математике и физике“. На тој начин

во минатата школска година е наплатена членарина од вкупно 154 членови од кои 82 се од Скопје а останатите од другите места во Републиката. На овај начин беше овозможено членовите поредовно да го добиваат ова списание.

Благодарејќи на залагањето на некои членови на Друштвото, и во оваа година се продолжи со набавување на стручна литература од математика и од физика за потребите на членовите.

Во врска со остварувањето на втората задача членови од Друштвото зедоја учество во изработувањето на новите наставни програми по математика и физика, за кои се јави потреба во врска со реформата на школството. Нашите членови исто така зедоја учество и на конференцијата за уједначување на новите програми по математика за гимназиите, која беше свикана на иницијативата на Сојузот на нашите друштва во Загреб кон крајот на декември 1959 г. Некои членови од нашето друштво учествуваа во вршењето на школски инспекции по математика и физика.

Нашето Друштво му предложи на Заводот за унапредување на школството во летниот распуст на крајот на учебната 1958/59 год. да се организира еден курс по нацртна геометрија за наставниците по математика за да се оспособат истите за предавањето на овај предмет според програмата на реформираната гимназија. Тој курс неможеше да се одржи поради немање на материјални јални средства.

Во врска со третата задача Управата скоро во сите свои циркулари со кои се обраќаше до членовите ги повикуваше истите да ја потпомогнат работата на стручните групи, бидејќи повеќе пати се констатираше дека овие групи можат успешно да работат само со помош на наставниците. Во тој смисол имаше некој успех: во Скопје, напр., скоро преку целата година работеа некои ученички групи од гимназиите раководени од некои поактивни наставници; и во осумгодишните школи, пред крајот на учебната година, беа организирани некои работни групи за подготвување на учениците за планираното натпреварување. Но сепак овие групи не работеа во оние размери во кои би требало да работат.

Беа организирани натпревари по математика за учениците од средните школи во републиката и за учениците од осумгодишните школи од Скопска околија. За последниов натпревар учениците од осумгодишните школи покажаа голем интерес.

Издавачката дејност на Друштвото се состоеше во тоа што се издадени два броја на „Билтен" и тоа за 1957 год. и за 1958 год.

Предвидениот конгрес на математичарите и физичарите во 1959 година беше одложен за идната година. Нашето друштво редовно одржуваше врски со Сојузот на Друштвата, врската со останатите републички друштва како и порано се ограничи само на меѓусебна размена на записниците од седниците на Управните одбори.

Управата апелираше до членството што повеќе да ѝ помогне на идната Управа во нејзините настојувања за што поголема активност.